СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 1

ОЛЕСНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Соработка со клучните чинители во општината за да се постигне значајно ниво на зелена транзиција на секторот. Поттикнување на усвојувањето на практики за одржлив туризам кои го минимизираат негативното влијание врз животната средина, промовираат одржливо искористување на природните ресурси, локалното културно наследство и поттикнуваат одржлив економски развој.

СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

Co-funded by
the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 2

ПОДДРШКА ЗА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ БИЗНИСИ

Стимулирање на локалниот економски раст и одржливост преку воспоставување на механизми за поддршка, промоција и поттикнување на зелена транзиција на локалните бизниси; воспоставување на зелени претпријатија; еколошки практики и, овозможување пристап до финансиска поддршка за зелени иницијативи и маркетинг.

INTERGREEN

СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 3

ПРОМОВИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Соработка со локалните земјоделци и земјоделски организации заради промоција и поддршка за воведување на одржливи земјоделски практики, како што се: органско земјоделство, агрошумарство, ротација на култури, зачувување на водата итн., кои го намалуваат негативното влијание на земјоделството врз животната средина; промовираат одржливо користење на природните ресурси и ја подобруваат отпорноста на руралните заедници.

СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 1

ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ЗЕМЈИШТЕТО

Спроведување на одржливи практики за управување со земјиштето во парковите и зелените површини, како што се органско просторно планирање и уредување, интегрирано управување со штетници, воведување на зелени техники и технологии за одржување и сл., се со цел да се намалат штетните влијание на хемиските препарати; да се заштеди вода и да се зачува квалитетот и здравјето на почвата.

СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 2

ЗАШТИТА И РЕГЕНЕРИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ АВТОХТОНИ РАСТЕНИЈА

Спроведување на активности за заштита и возобновување на локалните автохтони растенија во парковите и шумите со цел да се подобри биолошката разновидност во општината, да се вратат функциите на локалните екосистеми и да се заштитат и регенерираат приодните живеалиште на локалните видови на диви животни, птици и инсекти, како во центранлите урбани средини, така и во приградските и руралните делови на општината.

СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

Co-funded by
the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 3

ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПРОСТОРИ

Проширување на зелените површини во општината преку садење дрвја, обновување и создавање нови паркови, градини и урбани шуми заради подобрување на пристапот на жителите до природата заради рекреација и релаксација на отворено, намалување на високите температури во текот на летото, бучавата, загадувањето, како и промовирање на локалниот биодиверзитетот и природата.

СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНИ РЕШЕНИЈА ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Инвестирање во зелени решенија за управување со органски (биоразградлив) отпад, како што се: изградба на капацитети за компостирање, програми за собирање на органскиот отпад и/или негово пренасочување од депониите и индустријата кон системите за анеробно разградување и преработка во компост и биогас.

СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 5

ЗЕЛЕНИ ПРАКТИКИ ЗА ЧИСТЕЊЕ

Воведување еколошки производи и опрема за чистење во јавни објекти и простори (јавни паркови, улици, игралишта, спортски терени) со цел да се минимизира негативното влијание што традиционалните средства за чистење го имаат врз животната средина, да се намали изложеноста на почвата и растенијата на штетни хемикалии, како и да се промовира поздрава и побезбедна средина за локалното население.

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 1

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕКО СТАНДАРДИ ЗА ЗЕЛЕНА ГРАДБА

Гарантирање ефикасно спроведување на еко стандардите за одржлива градба за сите нови градежни проекти во општината, вклучително и за секое реновирање на постојните објекти; промовирање на енергетска ефикасност на градбите, употреба на одржливи материјали итн.

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 2

ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗЕЛЕНА ИНФРАСТРУКТУРА

Воведување и унапредување на зелената инфраструктура во општината преку поттикнување на изградба на зелени покриви, вертикални и дождовни градини, пропустливи тротоари, биодренажни канали (растителни системи) за управување со атмосферските води, намалување на поплавите, подобрување на квалитетот на воздухот, водата и, генерално, подобрување на биодиверзитетот во општината.

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 3

ВОВЕДУВАЊЕ ДИЗАЈН ОТПОРЕН НА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Развој на Прирачник или Водич за ефикасен урбан дизајн за планирање и изградба на локална инфраструктура отпорна на последиците од климатските промени, како што се: пораст на нивото на морето, екстремните временски услови, топлотните бранови, поплави и сл.

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 4

ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ПРОСТОРОТ

Промовирање на практики за одржлив развој на просторот со цел да се минимизира загубата на природните живеалишта, да се промовира одржливо менаџирање со природните ресурси, како и изградба на компактни населби и пристапни јавни простори, достапни и меѓусебно поврзани со пешачки и велосипедски патеки.

INTERGREEN

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 5

ОДРЖЛИВ ТРАНСПОРТ И МОБИЛНОСТ

Креирање, обновување и проширување на инфраструктурата за локален јавен превоз со цел да се задоволат потребите за мобилност на жителите и да се промовираат одржливи опции за транспорт; да се намали сообраќајниот метеж и зависноста од користење на автомобили.

СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by
the European Union

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 1

ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗЕЛЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Идентификување на сите релевантни сектори во општината, како и национални институции чијашто помош и поддршка е потребна за да се издејствува воведување на правна рамка која ќе им даде предност на јавни набавки на зелени производи и услуги од одржливи или зелени добавувачи.

INTERGREEN

СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

Co-funded by the European Union

ИЗГОТВУВАЊЕ НА УПАТСТВО ЗА ЗЕЛЕНИ ОПШТИНСКИ НАБАВКИ

Развивање на нацрт-документ кој ги наведува критериумите за избор во одржливото снабдување, кој дава јасно објаснување за тоа што се зелени или одржливи набавки и добавувачи, вклучувајќи ја и улогата што секој чинител ја има или треба да ја има во процесот на зелена транзиција на секторот и јавните набавки на општината.

СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 3

ИНИЦИРАЊЕ ПРОГРАМА ЗА ЗЕЛЕНА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ДОБАВУВАЧИТЕ

Работете со релевантните локални чинители и засегнати страни за заеднички да ко-креирате програма за зелена сертификација прилагодена на мисијата и целите за одржливост на општината. Обезбедете обука и поддршка за добавувачите заинтересирани за добивање на зелен сертификат, поттикнете меѓусебна доверба и транспарентност во процесите на јаните набавки.

СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

Co-funded by
the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 4

ПОТТИКНУВАЊЕ ПРОЦЕСИ ЗА СНАБДУВАЊЕ ОД ЛОКАЛНИ ОДРЖЛИВИ ДОБАВУВАЧИ

Обезбедете поддршка за локалната економија и бизнис заедницата, преку поттикнување на зелена транзиција на локалните добавувачи и снабдување со 50-70% од стоките и услугите во следните 5-10 години

СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 5

ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВО ПАКУВАЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ СО НУЛА ОТПАД

Иницирање на сите неопходни активности кои ќе ги охрабрат добавувачите да ја применат практиката на користење на еколошки, биоразградливи материјали за пакување или материјали кои се рециклираат исоздаваат минимум отпад и загадување на животната средина.

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 1

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСНАЦИОНАЛНАТА ЗЕЛЕНА СОРАБОТКА

Идентификување и следење на можностите за партнерства и соработка со меѓународни организации, мрежи и иницијативи во областа на одржливоста, климатска акција и заштитата на животната средина со цел унапредување на зелената агенда на општината и обезбедување пристап до експертиза, знаења, техничка и финансиска помош и поддршка, како и добри зелени практики.

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ПОТТИКНУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА ЗЕЛЕНА СОРАБОТКА

Поттикнување на меѓуопштинска, прекугранична и меѓународна зелена соработка и партнерство со други општини, региони и држави заради заедничко решавање на локалните еколошки предизвици, како и развој на заеднички стратегии за одржлив развој и заштита на животната средина.

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 3

ТАРГЕТИРАЊЕ МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Идентификување и следење на можностите за финансирање и друг вид на поддршка за зелени проекти и иницијативи на општината, како што се: одржлив локален економски развој, градење на локална климатската отпорност и, генерално, зелена транзиција на општината.

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

Co-funded by
the European Union

GREEN UP

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 4

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВОТО И ПОДДРШКАТА ЗА ЛОКАЛНИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Воведување зелени програми за поддршка на локалните граѓански организации и партнерствата со други непрофитни организации и граѓански иницијативи кои работат на прашања поврзани со животната средина, одржливоста и зелената транзиција.

INTERGREEN

СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 1

ИНИЦИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА СПОРТОТ

Развивање и промовирање на зелени спортски иницијативи кои поттикнуваат еколошки практики во рамките на спортски објекти и настани, вклучувајќи енергетски ефикасно осветлување, мерки за одговорно користење на водата, намалување на отпадот и промоција на одржливи транспортни опции за спортистите и публиката.

СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN

Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 2

ВОВЕДУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНА ЕКО ЕДУКАЦИЈА

Промовирање на еколошко образование во училишните програми, спортот и активностите во заедницата, како и кампањи за подигнување на свеста за животната средина со цел едукација и зајакнување на децата, младите, родителите и заедницата како целина. Ова, вклучува интегрирање на стандардите за зелена градба и промовирање на еколошки транспортни решенија за учениците и персоналот.

СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 3

ПРОМОВИРАЊЕ ОДРЖЛИВОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА

Интегрирајте одржливи практики како намалување на отпадот и рециклирање за време на сите локални настани и фестивали. Вклучете зелени решенија во програмите за социјални услуги, пример: акции за спасување и редистрибуција на вишоците храна до социјално загрозените, сместување во одржливи објекти, јакнење на зелени вештини кај жителите, поттикнување зелени вработувања и сл.

СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

КАРТА ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

INTERGREEN
Co-funded by the European Union

Co-funded by the European Union

GREEN UP

ЗЕЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА 4

ОРГАНИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОТВОРЕНО

Понудете различни рекреативни активности во природа за деца, родители, млади и возрасни, нивно вклучување во еколошки акции и проекти, како што се чистење на заедницата, иницијативи за садење дрвја и сл.

INTERGREEN